Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО
НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО
ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# НАСОКИ ЗА ПРО-АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# НАСОКИ ЗА ПРО-АКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**ПРОЕКТ:** ПРОМОВИРАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОДГОВОРНОСТ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

## НАСОКИ ЗА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ


**КООРДИНАТОР НА КОМПОНЕНТА 2 ОД ПРОЕКТОТ:**

Герана Жулева, Бугарија

**ЗА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР:**

Пламенка Бојчева, Директор на Агенцијата

Александра Стојановска, проектен менаџер

Оливер Серафомовски, коавтор на текстот

Жорж Поповски, коавтор на текстот


---


*Овој документ е подготвен во рамките на проектот „Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација“, финансиран од страна на Европската Унија, а имплементиран од страна на конзорциум предводен од PwC. Документот е изработен за потребите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и единствено за целите и според условите договорени согласно EuropeAid/139891/DH/SER/MK.*

*Наодите, заклучоците и толкувањата изразени во овој документ во никој случај не треба да смета дека ги одразуваат политиките или мислењата на Европската Унија.*

*PwC не прифаќа никаква одговорност (вклучително и за небрежност) кон трети страни во врска со овој документ.*

# КАКО ДА ОБЕЗБЕДИТЕ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ?

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер предвидува обврска за обезбедување пристап до информации:

• на иницијатива на имателите на информации-проактивно објавување на информации

и

• по барања од барателот на информации, поднесени усно, во писмена форма или во електронска форма.

## Обезбедување информации од јавен карактер по иницијатива на имателите на информации

Обезбедувањето информации како одговор на барањата е суштинска, но не и единствена обврска на имателите на информации, кои треба да работат во согласност со принципот на целосна транспарентност. Јавните и локалните власти создаваат и поседуваат информации кои, поради својата природа, треба да бидат ставени на располагање на јавноста без одлагање. Објавувањето на таквите информации, исто така, ќе им помогне на институциите да ги исполнат своите задачи. На пример, јавен орган задолжен за координација на различни социјални програми треба да објави информации во врска со датумот на започнување и условите на таквите програми; институциите за контрола на храна треба да објавуваат информации во врска со безбедноста и квалитетот на прехранбените производи на пазарот, здравствените ризици што ги претставуваат, итн. Понатаму, граѓаните кои се подготвени да поднесат барање за пристап до информации, не се секогаш запознаени со сите различни видови информации што ги поседуваат јавните органи. Ова ги спречува точно да ги формулираат своите барања. Поради оваа причина, важно е сите обврзани институции периодично да објавуваат основни информации поврзани со нивната мисија, овластувања, активности и внатрешна организација. Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК) од 2019 година пропиша обврски за институциите да објавуваат одредени категории информации на нивните веб -страници. Во функција на проактивно објавување на информации на нивните веб-страници, имателите на информации треба да одредат службеници/единици на кои ќе им се доверат такви одговорности. Со оглед дека објавувањето е отворен процес, во кој освен категориите што бараат објавување, постојат иинформации чие објавување зависи од постоењето на јавен интерес. Сите службеници кои работат кај имателите на информации треба да бидат свесни за потребата за постапување по барањата по основ на ЗСПИЈК и истовремено да му помогнат на одделението одговорно за проактивно објавување.

## Кои се иматели на информации според законот?[1]

- Државни институции
- Судска власт
- Општини со Центри за развој на плански региони во Република Северна Македонија
- Јавни претпријатија и установи во Република Северна Македонија
- Здравствени установи во Република Северна Македонија
- Образовни институции во Република Северна Македонија
- Правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес
- Политички партии

## Улогата на раководителите кај имателите на информации

Раководителите кај имателите на информации во смисла на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК) треба да воспостават стандарди за проактивно објавување на информации од јавен карактер преку:

- Воспоставување и развој на политики за проактивно објавување на информации од јавен карактер во нивната институција;
- Определените службени лица да бидат задолжени за навремено објавување и обезбедување на информации;
- Редовно ажурирање на листата на информации;
- Утврдување механизми за обезбедување на исполнување на обврските согласно членовите 9 и 10 од ЗСПИЈК.
- Промовирање и проширување на културата на отвореност, транспарентност и отчетност преку:
    - Информирање на службениците во врска со нивните одговорности поврзани со пристапот до информации и проактивно откривање;
    - Објавување на најнови информации од јавен интерес на нивните веб-страници;
    - Проактивно објавување на годишните извештаи на институциите;

---

[1] Листата на иматели на информации ја води Агенцијата за заштита на слободен пристап до информации од јавен карактер. Погледнете: https://aspi.mk/

Според годишниот извештај на Агенцијата за 2020 година, бројот на субјектите што поседуваат информации е 1440.

https://aspi.mk/%d0%b4%d0%be%d0%ba%d1%83%d0%bc%d0%b5%d0%bd%d1%82%d0%b8/%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d1%88%d0%bd%d0%b8-%d0%b8%d0%b7%d0%b2%d0%b5%d1%88%d1%82%d0%b0%d0%b8/

- Анализа на пристапот до барањата за информации, со цел да се идентификува јавниот интерес и да се подобри проактивното објавување;
- Организирање на преглед на јавни регистри и бази на податоци, со кои располагаат институциите, со цел да се подготват за исполнување на нивните обврски поврзани со повторна употреба на информации од јавниот сектор.

## Кои информации треба да ги објават имателите на информации?

ЗСПИЈК предвидува 22 категории информации што институциите се должни да ги објавуваат на интернет. Последната категорија според чл.10 е отворен за видови на информации од јавен интерес поврзани со посебните функции на имателите на информации. Наведените категории можат да се класифицираат во неколку големи групи.

### *Првата група категории на информации се однесува на одржување на делот „Пристап до информации" на веб-страницата на институцијата*

Целта на пристапот до информативните секции е да им помогне на граѓаните во нивната потрага по информации и во поднесување барања до институцијата. Ваквите делови треба да бидат присутни на веб-страниците на сите иматели на информации.

Овие делови треба да ги содржат следните информации:

- Список на категории на информации кои се предмет на објавување, со соодветни линкови;

КРИВА ПАЛАНКА | ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | УСЛУГИ | ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ | ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

| Информација | Локација |
|---|---|
| 1. Податоци од надлежности кои ги извршува институцијата, односно кои се утврдени со закон | Надлежности на Општината<br>Статут на Општина Крива Паланка |
| 2. Податоци за контакт на институцијата | Контакт |
| 3. Податоци за функционерот, односно одговорното лице на институцијата | Градоначалник |
| 4. Основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации | Основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации |
| 5. Основни податоци за контакт со лице овластено за заштитено внатрешно пријавување | |
| 6. Список на лица вработени во институцијата со позиција, службен е-маил и службен телефон | Список на лица вработени во институцијата со позиција, службен е-маил и службен телефон |
| 7. Законите кои се однесуваат на надлежноста на имателот на информации, поврзани со регистарот на прописи објавени во службеното гласило | Регистар на документи/закони од надворешно потекло |
| 8. Прописи што во рамките на својата надлежност ги донесува институцијата во вид на подзаконски акти | Правилник за внатрешна организација<br>Правилник за систематизација на работните места |
| 9. Органограм за внатрешна организација на институцијата | Органограм за внатрешна организација на институцијата |
| 10. Стратешки планови и стартегии за работа на институцијата | Стратешки планови и стартегии за работа на институцијата |
| 11. Годишни планови и програми за работа на институцијата | Годишни планови и програми за работа на институцијата |
| 12. Годишен Буџет и завршна сметка на институцијата | Годишен Буџет и завршна сметка на институцијата |

***https://www.krivapalanka.gov.mk/sloboden-pristap-do-informacii***

- Детали за контакт на службениците одговорни за обезбедување информации и за обработка/одлучување по барањата;

Пример за “Пристап до информации” секција од Општина Крива Паланка

**https://www.krivapalanka.gov.mk/**



КРИВА ПАЛАНКА | ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | УСЛУГИ | ГРАЃАНСКИ БУЏЕТ | ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Општина Крива Паланка согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е имател на информации. Барањата може да се достават до службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер:

**Лидија Митовска**
ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175, Крива Паланка
lmitovska@krivapalanka.gov.mk
тел. 076 337 445

**Долорес Асановска**
ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175, Крива Паланка
dolores.asanovska@krivapalanka.gov.mk
тел. 076 337 461

Барање
Жалба
Листа на информации од јавен карактер
Пристат до информации од јавен карактер
Правилник за формата и содржината на образецот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер
Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер
Упатство за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
Годишен извештај

Пример за „Пристап до информации“ секција од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија

**https://mod.gov.mk/**



Република Северна Македонија
Министерство за одбрана

МИНИСТЕРСТВО | АРМИЈА | МЕДИЈА ЦЕНТАР | КОНТАКТ

Службено лице

Согласно обврските што произлегуваат од чл. 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на Република Македонија бр. 13/2006), кој почна да се применува на 1 септември 2006 година, имателот на информации-МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА на Република Северна Македонија, за службени лица кои посредуваат при остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер ги определи административните службеници:

Андреј Трајчовски
(02) 328-2189
e-mail:andrej.trajcovski@mod.gov.mk

Мартин Јанев
(02) 328-2206
e-mail: martin.janev@mod.gov.mk

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ул. „Орце Николов" број 116
1000 Скопје

ТРАНСПАРЕНТНОСТ
- Јавноста има право да знае
- Слободен пристап до информации од јавен карактер
- Легислатива
- Стратешки документи
- Буџет
- Јавни набавки

ЗАКОН ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР – Службен весник бр. 101 од 22 мај 2019
Годишни извештаи за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
Упатство за начинот и постапката за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
Образец за барање за пристап до информациите од јавен карактер
Образец за жалба
Брошура: ТИ ИМАШ ПРАВО ДА ЗНАЕШ – Вовед во концептот на слободен пристап до информации од јавен карактер
Прашања/барања и одговори
Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер – Линк до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

- Објаснувачки информации за барателите на информации- Како да поднесете барање? (метод на поднесување-усно, писмено и електронски), како да се поднесе жалба на одлуката;
- Пример за барање за слободен пристап до информации;
- Годишен извештај за пристап до информации на институцијата;
- Други информации што ќе им помогнат на граѓаните да го остварат своето право на информации - упатства, водичи, итн.;

### *Втората група категории се однесува на институционални и организациски информации за имателот на информации*

- Информации за адресата, седиштето, надлежностите и веб-страницата на институцијата;
- Детали за контакт на институцијата и нејзиниот раководител, вклучувајќи професионална биографија-телефонски број и е-пошта/адреса;
- Органограм што ја прикажува внатрешната организација на имателите на информации;
- Список на сите службеници кои работат во институцијата, заедно со нивните позиции и информации за контакт-телефонски број и е-пошта/адреса;
- Консолидирани текстови на закони кои ги утврдуваат овластувањата на имателите на информации;
- Внатрешни акти на институцијата донесени во рамките на своите овластувања;

Ова се административните акти издадени од соодветното административно тело. На пример, овие ги вклучуваат сите прописи, внатрешни правила и упатства, како и наредби/одлуки донесени од органот.

- Информации во врска со видот на услуги што ги даваат носителите на информации;
- Други информации поврзани со специфичните овластувања на институцијата.

### *Третата група категории опфаќа оперативни информации*

- Стратегии и стратешки план за работа на институцијата;
- Годишни работни планови и програми со нивните анекси;
- Извештаи за активност на институцијата доставени до надзорните органи;
- Статистички податоци поврзани со животот и здравјето на граѓаните;
- Акти и мерки издадени во рамките на надлежностите на институцијата;

• Надоместоци поврзани со издавање акти;

• Агенди и записници од дискусии на колективните тела.

### *Четвртата група на категории вклучува буџетирање, финансиски информации и интегритет*

• Годишен буџет на имателот на информации;

• Годишен финансиски извештај;




**Буџет – mod.gov.mk**

• Квартални финансиски извештаи, доколку се бараат од институцијата;

• Извештаи за инспекција и ревизија;

• Годишен план за јавни набавки;

• Огласи за јавни набавки;

• Склучен договор за јавна набавка;

• Склучени договори за концесија, доколку е применливо;

• Договори за јавно-приватно партнерство, доколку е применливо.

## Други информации утврдени со закон

Доколку и други закони предвидуваат обврски за објавување дополнителни категории информации, тие треба да бидат вклучени во списокот на задолжителни објави, кои треба редовно да се ажурираат. Имателите на информации имаат одговорност да ја разгледаат листата на категории на информации кои се предмет на објавување. Наведената листа, исто така, треба да се прикаже на линк каде што се објавени информациите.

## Објавување на информации во отворен формат

Во согласност со Законот за користење на податоците од јавниот сектор, секоја организација од јавниот сектор мора годишно да усвои план за постепено објавување на Интернет, во формат на отворени податоци, на сите бази на податоци и ресурси со слободен пристап што ги одржува.

Република Северна Македонија

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Промовирање на транспарентност и одговорност во јавната администрација